„Секој Пратеник што Аллах го испратил пред мене имал свои помошници и другари од неговиот народ кои се придржуваа кон неговиот Сунет и ги следеа неговите наредби

Од Абдулах бин Месуд, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Секој Пратеник што Аллах го испратил пред мене имал свои помошници и другари од неговиот народ кои се придржуваа кон неговиот Сунет и ги следеа неговите наредби. Потоа по нив дојдоа генерации на луѓе кои го зборуваа она што не го работеа, а го работеа она што не им беше наредено да го прават. Кој се бори против таквите со своите раце, тој е верник; тој што се бори против нив со својот јазик е верник; тој што се бори против нив со своето срце е верник; а после тоа нема ни колку трошка од верувањето.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, алејхи селам, нè информирал дека нема ниту еден веровесник кого Аллах го испратил кај својот народ пред него, а кој немал избрани следбеници, помошници и искрени борци од својата заедница, кои биле способни да бидат негови наследници; тие се придржувале кон неговиот Сунет и ги следеле неговите упатства. Потоа, по тие добри претходници, се појавиле луѓе кои не се добри; го кажувале она што не го правеле и го правеле тоа што не им е наредено. Тој што се бори против нив со рацете е верник; тој што се бори против нив со својот јазик е верник; тој што се бори против нив со срцето е верник; а по ова нема останато од верувањето ни колку едно зрно од синап.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3480